Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КУЛТУРАТА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за културата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 јули 2003 година.

Бр. 07-3675/1
16 јули 2003 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Лилјана Поповска,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КУЛТУРАТА

Член 1

Во Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98) во членот 2 став (1) по точката 2. се додава нова точка 3, која гласи:

"3 Еднакви услови за изразување, негување и афирмирање на културниот идентитет на заедниците во Републиката."

Точките 3 и 4 стануваат точки 4 и 5.

Во точката 5 која станува точка 6 по зборовите: "објавени дела" се додаваат зборовите: "во оригинал или електронски облик".

Точките 6, 7 и 8 стануваат точки 7,8 и 9.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) Републиката, исто така, го гарантира остварувањето на културата на сите заедници преку обезбедување еднакви услови за нивно остварување, согласно со овој закон."

Член 2

Во членот 3 по зборот "културата" се додаваат зборовите: мкако поединечен, локален и национален интерес".

Член 3

Во членот 4 став (1) по зборот "право" се додаваат зборовите: "независно од возраста, образованието, верската, етничката или друга припадност".

Член 4

Во членот 5 став (1) по зборовите: "духовното творештво" се додаваат зборовите:" на сите граѓани во Републиката".

Ставот (2) се менува и гласи:



www.pravdiko.com

"Дел од културното богатство, во смисла на став (1) од овој член, чија заштита како трајна вредност е од јавен интерес од значење за историјата, културата, уметноста, науката и техниката (во натамошниот текст: културно наследство) се заштитува според посебен закон."

Член 5

Во членот 7 став (1) зборовите: "од значење" се заменуваат со зборовите:" јавен интерес од локално значење".

Ставот (3) се менува и гласи:

"Локалниот интерес во културата се финансира согласно со програмата за култура што ја донесува советот на единицата на локалната самоуправа, согласно со закон."

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

"(4) Локалниот интерес во културата се остварува согласно со овој закон, прописите за локалната самоуправа и за одделните дејности во културата."

Член 6

Во членот 8 став (1) зборовите: "од заеднички интерес за граѓаните на" се заменуваат со зборовите: "јавен интерес за сите граѓани во".

Во ставот (2) точка 5. зборовите: "граѓаните од различно етничко потекло" се заменуваат со зборовите: "заедниците во Република Македонија".

Во точката 6. зборовите: "и иселеништво" се заменуваат со зборовите: "надвор од Република Македонија привремено вработени во странство и иселениците од Република Македонија без разлика на нивната етничка припадност".

Во точката 8. по зборот "културата" се додаваат зборовите: "и културните различности".

Член 7

Во членот 9 став (1) пред зборот "остварување" се додаваат зборовите: "утврдување на среднорочни развојни насоки за", а зборот "пет" се заменува со зборот "четири".

Во ставот (2) точките 2, 3 и 6 се менуваат и гласат:

"2. Насоки за развој на мрежата на националните установи;

3. Правни и финансиски мерки за развој на културата;

6. Проекција на потребите од кадри за културата, почитувајќи го принципот на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници;".

Точките 4 и 8 се бришат, а точките 5, 6, 7 и 9 стануваат точки 4,5, 6 и 7.

По ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

"(3) Предлогот на националната програма се става на јавна расправа, пред да биде доставена до Собранието на Република Македонија за донесување.

(4) Националната програма за културата ја разгледува и дава мислење и Комитетот за односи меѓу заедниците."

Член 8

Членот 10 се менува и гласи:

"(1) За реализација на Националната програма се донесуваат годишни програми за остварување на националниот интерес во културата (во натамошниот текст: Годишна програма).

(2) Министерот за култура ја донесува годишната програма со која ги утврдува програмите и проектите што се од национален интерес во културата, во рамките на средствата определени во Буџетот на Република Македонија за тековната година, при што да се има предвид мултикултурната димензија и мултикултурниот карактер на општеството.

(3) Министерствата во рамките на нивните законски надлежности учествуваат во реализацијата на Националната програма."



www.pravdiko.com

Член 9

Во член 11 ставовите (2), (3) и (4) се менуваат и гласат: "Членовите на Советот ги именува министерот за култура, од редот на истакнати уметници, стручни лица од областа на културата и од јавниот и општествениот живот, по принципот на стручност и компетентност и на соодветната и правична застапеност на граѓаните, кои припаѓаат на сите заедници, за време на мандатот на министерот за култура.

Советот за култура му дава мислење на министерот за култура по прашања од неговата надлежност.

Министерот за култура може да основа и други стручни и советодавни тела и да именува надворешни соработници за подготовка на годишната програма, за други прашања од неговата надлежност утврдени со овој закон или за реализација на определени проекти од национално значење за културата. Со актот за основање на телата, односно именување на надворешните соработници се определуваат задачите и роковите за нивното извршување имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на сите заедници."

Ставот (6) се брише.

Член 10

Во членот 12 по зборовите: "самостојни уметници"се додаваат зборовите: "јавни и приватни".

Член 11

Во членот 14 ставот (1) се менува и гласи:

"Ако уметникот творештвото го остварува професионално, како единствено занимање и доколку согласно со овој закон и со прописите за трговските друштва се регистрира за вршење на уметничка дејност, стекнува статус на самостоен уметник и права од работен однос, согласно со овој закон и со прописите за трговските друштва (во натамошниот текст: самостоен уметник)."

Ставот (2) се брише.

Член 12

Членот 16 се менува и гласи:

"(1) Со цел да се обезбедат поповолни услови за творење на самостојниот уметник, по пат на годишен конкурс, може да му се доделат месечни надоместоци од средства од Буџетот на Република Македонија, за придонесите за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување и за персоналниот данок на доход, за што одлучува министерот за култура, почитувајќи го принципот на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници. Условите, во зависност од видот, обемот и квалитетот на творештвото, критериумите и постапката за доделување на месечниот надоместок поблиску ги утврдува со општ акт министерот за култура.

(2) Министерот за култура може да определи и други поволности за самостојните уметници во рамките на Годишната програма.

(3) Предлог за обезбедување на поповолни услови за творење на самостојниот уметник до министерот за култура го доставува комисија основана согласно со став (4) од член 11 на овој закон, за спроведување на конкурсот од став (1) на овој член."

Член 13

Членот 17 се менува и гласи:

"Самостојните уметници можат да основаат свое здружение согласно со општите прописи за здруженијата на граѓани, заради остварување и заштита на нивните интереси пред надлежните државни органи."



www.pravdiko.com

Член 14

Членот 20 се менува и гласи:

"(1) Установата, според основачот, може да биде приватна или јавна.

(2) Јавната установа може да биде локална кога ја основа единицата на локалната самоуправа (во натамошниот текст: општинска-градска) или национална, кога ја основа државата.

Приватната установа ја основаат физички или правни лица."

Член 15

Во членот 21 став (3) зборот "установа" се заменува со зборовите: "национална, односно општинска-градска, односно приватна установа".

Член 16

Членот 24 се менува и гласи:

"(1) За остварување на националниот интерес во културата, Владата на Република Македонија со одлука основа национални установи, доколку со закон за одделна дејност во културата поинаку не е определено.

(2) Називот на националната установа содржи "Република Македонија", како и други соодветни ознаки пропишани за установа согласно со закон.

(3) При основањето на национални установи Владата на Република Македонија се грижи за унапредувањето и афирмирањето на културата на сите заедници.м

Член 17

Во членот 25 во ставот (1) се додава нова реченица, која гласи:

"Со статутот особено се утврдуваат дејноста, организацијата, името, седиштето, предметот на работа и други прашања што се од значење за установата утврдени со овој и друг закон."

Во ставот (2) зборовите: "Владата на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "Министерот за култура".

Во ставот (3) зборовите: "Собранието на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "Владата на Република Македонија", а точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "доколку со закон поинаку не е определено".

Член 18

Во членот 26 став (1) зборот "Собранието" се заменува со зборот "Владата", а зборот "должно" се заменува со зборот "должна".

Ставот (2) се менува и гласи:

" Владата на Република Македонија може да одлучи да отпочне постапка за стечај на национална установа, ако и покрај преземените мерки од став (1) на овој член не може да се обезбеди остварување на функцијата за која што таа е основана. Во случај на стечај на национална установа, се применуваат општите прописи за стечај на јавните претпријатија.м

Член 19

Во членот 28 ставот (2) се менува и гласи:

"(2) Директорот на националната установа:

1. Ја води работата на националната установа;

2. Ја застапува установата и одговара за материјално-финансиското работење и за законитоста и економичноста на нејзината работа;

3. Донесува годишна програма за работа на националната установа по претходна согласност на Управниот одбор;

4. Ги извршува одлуките на Управниот одбор;

5. Донесува акт за систематизација и организација на работните места, односно акт за распределба на плати;

6. Донесува акти во врска со работниот однос на вработените согласно со закон;

7. Избира и разрешува уметнички, односно програмскиот директор по пат на конкурс и други раководни работници, согласно со статутот;

8. Формира уметнички, односно стручен совет и други советодавни тела (трајни и повремени), согласно со статутот и

9. Врши и други работи согласно со закон и статут."

Член 20

Во членот 30 став (1) по точката се додава нова реченица, која гласи:

"Кандидатите за директори на конкурсот задолжително доставуваат свој предлог на програма за работа и развој на установата."

Во ставот (2) зборовите: "Владата на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "Министерот за култура".

Член 21

Во членот 31 ставот (2) се брише.

Член 22

Членот 32 се брише.

Член 23

Во членот 34 став (1) зборовите: "Владата на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "министерот за култура", а по зборот "конкурс" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "од редот на вработените".

Член 24

Во членот 35 ставот (2) се менува и гласи:

"Управниот одбор го сочинуваат пет претставници што ги именува и разрешува министерот за култура, од кои двајца претставници се од редот на истакнати поединци од областа на културата, еден е од локалната самоуправа и двајца претставници од вработените во установата. Во установа со помалку од десет вработени, во управниот одбор се именува еден член од вработените, еден од локалната самоуправа и три члена од редот на истакнати поединци од областа на културата. Претставникот на локалната самоуправа во управниот одбор го предлага градоначалникот на единицата на локалната самоуправа каде што се наоѓа седиштето на установата."

Во ставот (3) се додава нова реченица, која гласи:

" Претседателот и членовите на Управниот одбор можат да бидат разрешени пред истекот на мандатот доколку работат спротивно на закон или установата не ја остварува својата функција."

Во ставот (4) зборовите: "Владата на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "министерот за култура".



www.pravdiko.com

Член 25

Членот 36 се менува и гласи:

С(1) Управниот одбор на национална установа:

1. Донесува статут;
2. Ги утврдува политиката и принципите за развој и работа на установата;
3. Дава согласност на годишната програма на установата по предлог на директорот;
4. Го усвојува годишниот извештај за работата на установата по предлог на директорот;
5. Дава согласност на актот за организација на работата и систематизација на работните места на установата и правилникот за плати;
6. Донесува документи за финансиското работење на установата, согласно со прописите за материјално и финансиско работење;
7. Одлучува во втор степен за решенија што ги донесува директорот;
8. Дава образложен предлог на министерот за култура за разрешување на директорот;
9. Донесува деловник за својата работа и
10. Врши други работи утрдени со закон и статут.

(2) Со работата на управниот одбор раководи претседателот согласно со Деловникот за работа на Управниот одбор. Управниот одбор одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови."

Член 26

Во членот 38 зборовите: "закон поинаку не е утврдено" се заменуваат со зборовите: "Законот за локалната самоуправа или со закон за одделна дејност во културата поинаку не е утврдено".

Член 27

Во членот 39 зборовите: "Националната програма" се заменуваат со зборовите: "областа на културата".

Член 28

Во членот 40 став (1) зборовите: " трговец-поединец" се бришат.

Член 29

Во членот 45 ставовите (2) и (3) се бришат.

Член 30

Во членот 47 по зборот "обработка" се става запирка и се додаваат зборовите: "дистрибуција и прикажување".

Член 31

Во членот 48 точката 7. се брише.

Точката 8. станува точка 7.

Во ставот (2) зборовите: "за публикациите и архитектонските дела" се бришат.

Член 32

Во членот 49 став (1) по зборот "уметничка"се става запирка и се додаваат зборовите: "научна и образовна", а по зборот "содржина" се додаваат зборовите: "во книжен и електронски облик".

Во ставот (2) по зборот "книга" се додаваат зборовите: "електронско издание".

Член 33

Во членот 51 став (1) точката по зборот "игри" се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "како и дела од фолклорот".



www.pravdiko.com

Член 34

Членот 52 се менува и гласи:

"(1) Филмска дејност, согласно со овој закон, е дејност за продукција на аудиовизуелно дело, како уметничко дело изразено во вид на поврзани подвижни слики, со или без тон, без оглед на видот на носачот што ги содржи (во натамошниот текст: филм).

(2) Назив на установа или на друго правно лице што врши филмска дејност е филмски продуцент."

Член 35

Пододделот "1.6. Изведување на архитектонски дела" и членот 55 се бришат.

Член 36

Во членот 57 по зборовите: "музичка дејност" се додаваат зборовите: "филмска дејност".

Член 37

Членот 59 се менува и гласи:

"Дејностите за заштита и користење на материјалното и духовното творештво на Републиката и заедниците што живеат во неа, се регулираат со посебни закони."

Член 38

Во членот 61 став (1) по зборот "како" се додаваат зборовите: "сопствени приходи, приходи од услуги, донации" и се става запирка.

Ставот (2) се менува и гласи:

"Покрај националните установи и другите субјекти што остваруваат култура, односно дејности во културата, може да користат средства и од Буџетот на Република Македонија, за реализација на проекти од национален интерес, согласно со Годишната програма, а во постапка пропишана со овој закон."

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) Средствата од Буџетот ќе се користат за соодветно и правично афирмирање и унапредување на културата на сите заедници."

Член 39

Во членот 62 став (1) зборовите: "републичкиот буџет" се заменуваат со зборовите: " Буџетот на Република Македонија", а по зборот "распределуваат" се додаваат зборовите: "со Годишната програма".

Во ставот (2) точка 2. по зборот "субјекти" се додаваат зборовите: "независно од правниот статус, етничката или друга припадност".

Член 40

Членот 63 се менува и гласи:

"Средствата од член 62 став (1) на овој закон, согласно со Годишната програма се распределуваат особено за:

1. Програми за работа на национални установи;

2. Проекти што се од национален интерес на уметници, самостојни уметници, општински-градски и приватни установи, други правни и други физички лица;

3. Надоместоци на самостојни уметници;

4. Откупи, награди, осигурувања, стипендирање кадри и други стручни услуги за поттикнување на творештвото на сите граѓани во Републиката;



www.pravdiko.com

5. Инвестиционо и техничко одржување на објекти и опрема за културата во државна сопственост;

6. Создавање еднакви услови за афирмација и унапредување на културата на заедници-те;

7. Создавање поволни услови за поттикнување и помагање на работата на невладините здруженија во областа на културата;

8. Меѓународна културна соработка и

9. Други културни активности што се од национален интерес, а утврдени со Годишната програма."

Член 41

Во членот 65 став (1) по зборот "распишува" се додава зборот "јавни", по зборот "проекти" се додаваат зборовите: "што се од национален интерес", а зборовите: " најдоцна до месец јуни" се заменуваат со зборовите: "во месец мај".

Во ставот (2) точката 1 се менува и гласи:

" Соопштување за која област или дејност во културата се распишува;". Во

ставот (3) се додава нова реченица, која гласи:

"Конкурсите се објавуваат најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик."

Во ставот (4) по зборот "година" точката се брише и се додаваат зборовите: "или да се објават во текот на годината за намените утврдени во член 63 од овој закон".

По став (5) се додава нов став (6), кој гласи:

"(6) Министерството за култура во текот на годината може да распише посебни конкурси во форма на јавен повик за реализација на откупи или нарачка на однапред утврдени приоритетни проекти од национален интерес."

Член 42

Членот 66 се менува и гласи:

"(1) По конкурсите, односно повиците од членовите 16, 64, 65, 69 и 70 на овој закон комисиите, односно надворешните соработници од член 11 став (4) на овој закон, му предлагаат на министерот за култура кои програми, односно проекти по одделни дејности и работи од национален интерес, треба да се содржат во Годишната програма.

(2) Министерот за култура со општ акт поблиску ги утврдува критериумите за финансирање на програмите, односно проектите, по одделни дејности во културата, врз основа на кои се утврдува кои проекти, односно програми се од национален интерес и ќе бидат составен дел на Годишната програма ."

Член 43

Во членот 67 став (1) зборовите: "републичкиот буџет" се заменуваат со зборовите: "Буџетот на Република Македонија".

Ставот (2) се брише.

Во ставот (3) кој станува став (2) по зборот "информирање" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "во рок од осум дена од донесувањето".

Член 44

Во членот 68 по ставот (1) се додаваат три нови става (2),(3) и (4), кои гласат:

"(2) Со договорот од став (1) на овој член во зависност од областа, односно дејноста во културата, особено се утврдуваат програмата, односно проектот за кој се доделуваат средства, висината на средствата, динамиката и рокот за реализирање, доставувањето на

извештаи, контролата на наменското користење на средствата и други прашања со кои се регулираат обврските и правата на единките-корисници.

(3) Единките-корисници се должни наменски да ги користат средствата добиени од Министерството за култура и по реализирањето на програмата, односно проектот до Министерството за култура доставуваат извештај за извршување на програмата.

(4) Министерството за култура врши контрола на наменско и законито користење на средствата од Договорот од став (1) на овој член. Министерот за култура може да овласти и стручни лица или независни ревизори да вршат контрола на реализација на договорените проекти."

Ставот (2) станува став (5).

Член 45

Членот 69 се менува и гласи:

"Министерот за култура може по непосредно договарање со установи или други правни лица да склучи договор за финансирање програми, односно проекти со коишто континуирано, квалитетно и традиционално се остварува дејност од областа на културата, особено на културно-уметнички манифестации и фестивали, списанија за култура и уметност, здруженија на уметници и слично, за период до четири години, кој може да се обновува. Договорот од став (1) на овој член се реализира преку годишни програми за кои се склучува договор по конкурс од член 65 на овој закон."

Член 46

Членот 70 се менува и гласи:

"Заради создавање на поволни услови за спроведување на децентрализација во културата, министерот за култура по непосредно договарање со надлежен орган на единиците на локалната самоуправа, може да склучи договор за заедничко финансирање програми, односно проекти на локални установи од областа на културата, за период до четири години, кој може да се обновува.

Договорот се реализира преку годишни програми за кои се склучува договор по конкурс од член 65 на овој закон."

Член 47

Во членот 73 став (2) пред зборовите: "на странскиот" се додава зборот "името", а зборовите: "време на ангажирање" се заменуваат со зборовите: "период на засновање на работниот однос".

Член 48

Членот 76 се менува и гласи:

"(1) Работен однос во национална установа за вршење уметничка, односно стручна работа по правило се заснова со склучување договор за работа меѓу работникот и директорот на установата за период до пет години, за работни места утврдени во актот за организација и систематизација.

(2) На секои пет години за лицата со кои е склучен договор за вршење уметнички, односно стручни работи во национална установа се спроведува постапка за реаудиција-тестирање-рецензија за обновување на договорот во наредните пет години.

(3) Одредбите од став (2) на овој член нема да се применуваат на лица со над 25 години работен стаж во национална установа.

(4) Прашањата околу спроведувањето на реаудиција, тестирање и рецензија во националната установа, се уредуваат со посебен општ акт на националната установа."

Член 49

Членот 82 се менува и гласи:

"(1) Инспекцискиот надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи во културата го вршат инспектори за култура (инспектор).



www.pravdiko.com

(2) Инспектор може да биде лице кое покрај општите услови за засновање работен однос на државен службеник определени со закон треба да ги исполнува и посебните услови:

1) да има соодветно високо образование и

2) да има работно искуство над две години во органите на државната управа или три години во струката.

(3) Раководител инспектор може да биде лице дипломиран правник и кое ги исполнува општите услови за засновање работен однос на државен службеник определени со закон и со најмалку пет години работно искуство во струката од кои три години како инспектор."

Член 50

Во членот 84 ставот (1) се менува и гласи:

"Инспекторот е должен да изврши увид во работењето на установите и другите правни лица што вршат дејности од областа на културата, за работите од културата, по службена должност или по пријава."

Во ставот (2) зборовите: "од став (1) на овој член" се заменуваат со зборовите: "каде што се врши увидот".

Член 51

Во членот 85 точка 6. зборовите: "и времено да забрани вршење дејност од областа на културата за време до шест месеци" се бришат.

Член 52

По членот 85 се додава нов член 85-а, кој гласи:

"Член 85-а

(1) Кога со пропис е предвидена можност за одземање на предмети со кои е сторено кривично дело или прекршок, инспекторот може привремено да ги одземе предметите за што е должен да издаде потврда со точен опис и количина на одземените предмети.

(2) Во пријавата за покренување на постапка за сторено кривично дело, односно барање за покренување на прекршочна постапка инспекторот е должен да ја наведе и преземената мерка од став (1) на овој член."

Член 53

Во членот 86 ставот (1) се менува и гласи:

"Правните и физичките лица чие работење подлежи на надзор согласно со овој закон се должни да му овозможат на инспекторот увид во состојбата, работата и актите и да му ги даваат бараните податоци и известувања."

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) Доколку инспекторот утврди дека не се извршуваат законите, другите прописи и општи акти, донесува решение со кое се наредува извршување на определени мерки со одреден рок, но најмногу до 30 дена."

Член 54

Членот 88 се менува и гласи:

"(1) Инспекторот е овластен да врши инспекциски надзор во секое време во просториите, односно на местото каде што се врши дејноста од областа на културата.

(2) Инспекторот може да врши инспекциски надзор и во отсуство на директорот и одговорното лице на правното лице што врши дејност од областа на културата."



www.pravdiko.com

Член 55

Член 89 се брише.

Член 56

Во членот 90 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) Субјектите во културата се должни на Министерството за култура да му доставуваат податоци согласно со актот од став (2) на овој член."

Член 57

Во членот 91 ставот (1) се менува и гласи:

"(1) Со парична казна од 10.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правно лице што:

1) врши дејност од областа на културата за која не е регистрирано (член 18 став (1) и член 40 став (1));

2) остварената разлика меѓу приходите и расходите не ја вложи во истата дејност, односно платите и другите надоместоци го надминуваат процентот утврден со овој закон (член 18 став (2));

3) врши дејност од областа на културата без решение дека ги исполнува условите за вршење на дејноста (член 22 став (2));

4) донесува акти спротивно на овој закон (членови 25 и 36);

5) не ја врши дејноста од областа на културата во посебно организиран дел (член 40 став (1));

6) не обезбедува и заштитува оригинали или примероци на објавени уметнички дела согласно со актот на министерот (член 48 став (2));

7) врши дејност за посредување во културата без склучен договор со надлежно здружение (член 57);

8) не склучи договор за јавно изведување дела од областа на културата согласно со овој закон (член 58);

9) ненаменски ги користи средствата добиени од Министерството за култура или не доставува извештај (член 68 став (3));

10) заснова работен однос со странски државјанин, односно ангажира странско правно или физичко лице спротивно на овој закон (членови 73 и 74);

11) заснова работен однос, односно склучи договор спротивно на овој закон (членови 76, 77 и 78);

12) не му овозможи увид на инспекторот и не му ги даде бараните податоци и известувања (член 86 став (1));

13) не ги изврши наредените мерки или дејствија (член 85 и 86 став(3));

14) на Министерството за култура не му доставува податоци согласно со овој закон ( член 90) и

15) не ја усогласат својата работа и актите со овој закон (член 93)."

Член 58

Членот 93 се менува и гласи:

"Организациите и правните лица што вршат дејност од областа на културата од член 94 на овој закон, ќе ја усогласат својата работа и општи акти со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на утврдувањето на нивниот статус согласно со овој закон."

Член 59

Во членот 94 по зборот "културата" се додаваат зборовите: "во периодот пред донесувањето на амандманите на Уставот на Социјалистичка Република Македонија од 1990 година".



www.pravdiko.com

Член 60

Во членот 95 зборовите: "Собранието на Република Македонија со закон во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на Националната програма" се заменуваат со зборовите: "Владата на Република Македонија со одлука".

Член 61

Членот 96 се менува и гласи:

"(1) Советот на единицата на локалната самоуправа, по непосреден повик од Министерството за култура, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на одлуката од член 95 на овој закон, со одлука определува на кои од другите организации од член 94 на овој закон, освен организациите од член 95 на овој закон, им ги презема основачките права и ги утврдува како општински - градски установи.

(2) Владата на Република Македонија и советот на единицата на локалната самоуправа, во рок од 30 дена по влегувањето во сила на законот со кој се уредува финансирањето на општините, со договор го утврдуваат пренесувањето на имотот, опремата, кадрите, средствата и други релевантни прашања за пренесување на основачките права за организациите од став (1) на овој член. До потпишувањето на договорот тие продолжуваат да се финансираат од Буџетот на Република Македонија и да работат како национални установи."

Член 62

Во членот 98 ставот (2) се менува и гласи:

"Објектите и опремата од став (1) на овој член, Владата на Република Македонија ќе му ги додели на користење на Министерството за култура."

Во ставот (3) зборовите: "на користење" се заменуваат со зборовите: "под закуп".

Член 63

Во членот 101 зборот "законот" се заменува со зборот "одлуката".

Член 64

Во членот 102 став (2) по зборот "член" се додаваат зборовите: "и согласно со членот 76 став (2)".

Во ставот (4) зборовите: "републички буџет" се заменуваат со зборовите: "Буџет на Република Македонија".

Член 65

Во членот 104 по зборовите: "став (5)" по запирката се додаваат зборовите: "66 став (2)".

Член 66

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за културата.

Член 67

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".